Препознавање на

# Назабена трева

## КЛИЦА НА НАЗАБЕНАТА ТРЕВА

### Доцна пролет и рано лето



Мала назабена трева во раст меѓу доцната пролет и раното лето. Забележете ги светло зелените листови во почетокот на летото.



Забележете го исто така влакенстиот виолетов изглед на зрелата назабена трева во полн цут.



Голема навала на зрела назабена трева процветана во доцна пролет.

**За повеќе информации, одете на www.serratedtussock.com или јавете се на Department of Primary Industries [Одделение за примарни индустрии (ОПИ)] на 136 186.**

Victorian Serrated Tussock Working Party

© Комисија за Назабена Трева на Викторија. јануари 2010 година.

Обновено во ноември 2014. Подготвила Челси Вардроб

Оградување

Оваа публикација може да ви биде на помош, но Комисијата за Назабената Трева на Викторија и нејзините вработени не гарантираат дека оваа публикација е без пропусти или дека е целосно соодветна за вашите посебни потреби и притоа се оградува од секаква одговорност за било каква грешка, загуба или други последици што можат да произлезат од вашата доверба при донесување на одлуки врз основа на информациите во оваа публикација.

Препознавање на

# Назабената Трева

*Nassella trichotoma*



Фото: Челзи Вардроп

## ПРОЛЕТ / ЛЕТО



Фото: ОПИ, Викторија

Назабената трева добива лимон зелена боја во потоплите месеци, кога повеќето од другите видови на автохтони растенија пожолтуваат. Го поставува семето од октомври до март и семињата лесно ќе 'ртат во гола земја каде што не постојат конкурентни повеќегодишни пасишта или домородни треви.

## ЕСЕН / ЗИМА



Фото: Иван Картер

Назабената трева белее во доцна есен и зима од мразот и пониските температури и добива златно-жолта боја.

State Government Victoria

Victorian Serrated Tussock Working Party

Препознавање на

# Назабена трева

## Лисја

Листовите на назабената трева се до 50 сантиметри долги, тенки се и се тркалаат непречено помеѓу палецот и показалецот (како што е прикажано), најголем дел на автохтони растенија се здиплени и при допир како да имаат рамни рабови, па не се тркалаат лесно. Лисјата имаат фини засеци кои можат да се почувствуваат ако прстот и палецот ги повлечеме внимателно од врвот на листот кон основата.



Фото: Челзи Вардроп



Фото: ОПИ, Викторија



Фото: ОПИ, Викторија



Фото: ОПИ, Викторија

Погледнете го цилиндричниот пресек на листот на назабената трева чие сечило на листот е валано цврсто (најлево), наспроти на обликот “V” на домородната (сребрена) ливадарка (лево).

## Лигула

Назабената трева има мала, бела лигула без влакна (долга 1 мм). Лигулата се наоѓа на пресекот каде што се спојуваат листот и стеблото.  За да ја најдете лигулата, следете го работ на листот надолу кон основата на растението каде што се составува со дршката (куп). Одделете го внимателно листот од стеблото свиткувајќи го листот station наназад. Лигулата на назабената трева е бела и има заоблен врв. Тревки кои изгледаат слично имаат лигули кои се помали, со поинаков облик или со влакнести рабови.





Фото: ОПИ, Викторија




## Семки

Семињата на назабената трева се долги околу 1,5-2 мм и затворени во два црвеникаво-кафеави или виолетови лушпи (плева) со должина од околу 6-10 мм од врвот до долу. Самото семе има кратки, бели влакна на едниот крај и извртен осил на другиот. Во Викторија, осилот може да биде долг до 35 мм, во други држави е долг околу 25 мм.



Фото: ОПИ, Викторија

Обрнете внимание на младата назабена трева, нарочно на тенките зелени исправени лисја, кои ќе останат зелени во текот на целото лето.

| | Назабена трева | Автохтони Треви | | |
|---|---|---|---|---|
| | Назабена трева (НТ) *Nassella trichotoma* | Домородна (сребрена) ливадарка *Poa labillardieri* | Валаби трева *Austrodanthonia spp.* | Кенгур трева *Themeda triandra* |
| Целото растение |  Фото: Роџер МекРеилд, ОПИ, Викторија |  Фото: ОПИ, Викторија |  Фото: Native Seeds Pty Ltd |  Фото: Native Seeds Pty Ltd |
| | Грмушките на повеќегодишните треви растат до 50 см во височина. Незрелите корови изгледаат многу слично како МФГ но зрелите НТ растенија изгледаат млитаво. Добиваат лимун зелена боја во летните месеци и изветвена жолта боја во постудените месеци. | Грмушките на повеќегодишните треви растат до 80 см. Од далеку тие изгледаат слично по големина и појава како НТ, но одблиску се разликуваат по своите листови и цветови. | Повеќегодишна зелена трева со фини лисја, е зимзелена и расте до височина од 30-80 см. | Исправената грмушка на повеќегодишната трева расте до 1,5 метри и 50 см во висина. Листовите и семето се разликуваат значително од назабената трева |
| Цветот и главата на семето |  Фото: ОПИ, Викторија |  Фото: ОПИ, Викторија |  Фото: Роџер МекРеилд, ОПИ, Викторија |  Фото: КНТВ |
| | Цветната глава има посебна виолетова боја како што семето зрее во доцна пролет и лето. Уредувањето на цветната глава се разликува доста од МФГ.  НТ има отворен и расеан аранжман како што е прикажано на сликата. Целото расцветано стебло се отцепува од растението во пролет и лето за разлика од автохтоните растенија кои ги исфрлат своите семиња поединечно. | Семињата на сребрената ливадарка имаат отворен распоред како НТ, но немаат никакви осила. Домородната (сребрена) трева цвета на пролет и лето, семињата се од крем боја и ќе бидат расејани поединечно за разлика од НТ каде што целото расцветано стебло се отцепува од растението. | Цветаат во пролет, семињата имаат крем боја и мек изглед и стојат високо над растението во висина од 30-100 см . | Привлечни глави со семки се формираат во текот на летото и се 30-50 см долги на стебла со темни јазли. Карактеристичните семиња имаат ‘рѓосана црвена боја. |
| Лист и лигула |   Фото: Жан Бентли, Ана Грех |  Фото: Жан Бентли |  Фото: Жан Бентли |  Фото: ОПИ, Нов Јужен Велс |
| | Лисјата се крути, тесни, со должина до 50 см и се тркалаат непречено помеѓу палецот и показалецот. Назабеноста може да се почувствува кога со прстите го следите работ на листот надолу кон основата на растението, иако овие назабености не се видливи со голо око. Лигулата е долга околу 1мм и е бела и без влакна. | Листовите се до 80 см во должина, се преклопуваат рамно и не  се тркалаат непречено помеѓу палецот и показалецот како НТ и МФГ. Мали назабености можат да се почувствуваат кога ќе ги повлечете палецот и показалецот кон основата на растението, како и МФГ НТ. Лигулата е крута и мембранозна. | Тенкото лисје има сиво-зелена до темно-зелена боја со виолетова основа. Листовите се здиплени во пупка (база на растението), а имаат паралелни линии на задебелување на сечилото на листот. Долги влакна се присутни на лигулата. | Листовите се долги и тенки и не се цврсто заоблени како НТ или МФГ. При созревањето бојата на листот се менува од зелена во црвена / кафеава / виолетова. Општо земено, листовите се зелено / сиви во поладните месеци а  портокалови и кафеави во потоплите месеци. Лигулата е влакнеста. |